SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# БИЛТЕН 6

## РАБОТНА ГРУПА 1
## ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Втора сесија од вториот циклус на Работната група 1 - Земјоделство и рурален развој (Поглавје 11)

## „ПАЗАРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА“



Втората сесија од вториот циклус на Работна Група 1 – Земјоделство и рурален развој се одржа на 24.11.2020 година на видео-конференциската платформа Zoom. Темата на сесијата беше „Пазарот на земјоделски производи во услов на КОВИД-19 пандемијата“. Сесијата ја следеа повеќе од 50 учесници, претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, универзитетски професори, членови на Парламентот, фармери, меѓународни експерти, како и претставници на граѓански здруженија.

**Милева Ѓуровска,** Национален координатор на НКЕУ-МК, Професор на Филозофски факултет, им се заблагодари на присутните за нивното учество потсетувајќи дека во изминатиот период од три години Конвенцијата се докажа како континуирана и функционална граѓанска платформа за отворен, инклузивен и многу стручен дијалог за прашања поврзани со пристапните преговори за членство во Европската унија. Работната група 1 (РГ 1) од Националната Конвенција со својата работа придонесе за афирмирање на европските стандарди и нивно прилагодување во националниот контекст.

Според **Ѓуровска**, земјоделскиот сектор е витален сектор бидејќи тој произведува храна за населението и државата кон него треба да се однесува на соодветен начин. За него не треба само да зборува, туку и да се направи повеќе. „Ние европеизацијата ја сфаќаме како начин да се изгради функционален правен поредок, да се изградат институции во кои ќе веруваат граѓаните, а тоа ќе се случи кога самите институции ќе работат за граѓаните и за јавното добро. Треба да се создадат услови во кои луѓето ќе можат да живеат во селата кои сега останаа без луѓе. Реформите во земјоделството едноставно немаат смисла без инвестиции во руралниот развој, без искоренување на непотизмот кој им ја одзема перспективата на младите, треба да се соочиме со системот која ја репродуцира корупцијата чии последици се од пандемски карактер“ – истакна координаторката на НКЕУ-МК.



**Томаш Стражај**, директорот на Словачката асоцијација за надворешна политика (СФПА), ги поздрави присутните изразувајќи жалење за неможноста сесијата да биде одржана во живо. Тој ја пренесе подготвеноста на словачките учесници да го споделат своето знаење стекнато во текот на интеграцискиот процес на Словачка, но и знаењето стекнато со самото членство во Европската Унија, притоа забележувајќи дека и Словачка и Европската Унија претрпеле многу промени од големото проширување на Унијата во 2004 година. **Стражај** изрази жалење за политичкиот спор меѓу РС Македонија со Р. Бугарија, констатирајќи дека е подобро да се воспостави дијалог помеѓу две страни, наместо да се праќаат пораки од емотивен карактер кои се разменуваат преку границите. „За жал не можеме да ги бираме соседите,“ рече Стражај, „но соработката, а особено соработката во регионалните иницијативи може да реши и проблематични прашања меѓу соседите.“

На крајот на своето излагање, **Томаш Стражај** искажа сигурност дека преговорите за учество во ЕУ ќе продолжат, и дека Р.Словачка ќе продолжи понатаму со својата цврста одлука за поддршка на проширувањето на државите од Западен Балкан.

**Арјанит Хоџа**, Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство најпрво изрази задоволство од организирањето на вакви настани каде се зајакнуваат приоритетите на секторот за земјоделство и рурален развој. Министерот **Хоџа** потоа се осврна на ефектите од пандемијата врз земјоделскиот сектор, зборувајќи за големите промени во земјоделството кои биле неопходни за справување со пандемијата пореметувајќи го синџирот на снабдување.

Според него пандемијата влијаеше врз квалитетот на храната, врз егзистенцијата на земјоделците, но и врз другите чинители во синџирот на снабдување. „Анализите покажуваат дека посебно загрижувачки се последиците од пандемијата во доменот на земјоделството како трудово интензивна гранка. Во време на земјоделските сезони се јавува голема побарувачка на труд. Недостигот од работна сила доведува до загуби кај производителите, до зголемување на трошоците, а тоа ја зголемува пазарната цена на земјоделските производи. КОВИД мерките за безбедност и заштита ја отежнуваат дистрибуција и значително влијаат врз трошоците.





**Маја Лазареска**, Раководител на Одделението за Европска унија во МЗШВ и Копретседавач на НКЕУ-МК истакна дека веќе постојат податоци од истражувања за влијанијата на КОВИД-19 пандемијата врз земјоделскиот сектор кои ги опфаќаат и проблемите со пазарот на земјоделски производи.

Експертите од овој домен веќе имаат подготвено препораки за интерветно дејтвање со цел да се амортизираат последиците од нарушувањето на пазарот. Од спроведените истражувања и анализи експертите дале препораки на државните институции, кои понатаму би ги спровеле со цел справување со кризната состојба во земјоделскиот сектор.

**Јан Баршвари**, експерт од Словачка, истакна дека последиците од Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 се слични во речиси сите европски држави. Главни проблеми во земјоделството во Словачка ги лоцираше во: транспорт на производите и набавките, производството во земјоделските стопанства и мерките поврзани со ковид 19 и продажбата т.е. пласманот. Проблемите во транспортот произлегоа од затворањето на границите во текот на првите три месеци од пандемијата што подоцна веќе беше надминато.




Беше спомената и мерката на ЕУ т.н. Зелени линии кои овозможија брзо минување на границите за транспорт на земјоделски производи, месо и други производи со краткотраен рок. Го издвои и проблемот на недостиг од стручна работна сила која може да управува со земјоделските машини, а се разреши со меѓусебна спогодба за отворањето на границите меѓу Чешка и Словачка што овозможи циркула-ција на вработените. Генерално, Словачка не се соочи со големи про-блеми во земјоделството. Беше важно што големите стопанства применија мерки за заштита од инфекци-ја и имаа зголемени трошоци. Панде-мијата се сфати сериозно и фарме-рите преземаа мерки за заштита на вработените. Пандемијата, посебно ги погоди производителите на свинско месо, која исто така се одрази и во Германија поради свинскиот грип што значително ја отежна ситуација-та. Според него, посебно ги загрози секторите: угостителство и туризам, продажбата на вино особено малите производители, продажбата на овчото сирење кое е традиционален производ што зависи од туризмот, производството на пиво и вино поради нивната зависност од ресторанската индустрија; овчарството поради непристапноста на пласманите на јагниња на италијанскиот пазар и слабата побарувачка од ресторантската индустрија; производството и пласманот на цвеќе поради затворањето на цвеќарите уште при првиот КОВИД-19; и производството на овошје и зеленчук поради недостатокот на сезонски работ-ници што е воедно континуиран про-блем. За справување со проблемите во овие гранки беа крирани мерки во рамките на ЕУ со флексибилност секоја од државите да ги прилагоди на сопствените услови. Станува збор за т.н. Привремена рамка за државна помош која можеа да ја користат и земјо-делците. Држава која сериозно пристапи со поддршка на земјоделството беше Унгарија која одвои 400 милиони евра само за овој сектор, а заедно е Чешка со приближно иста сума. Во Словачка немаше директна интервенција на државата за поддршка на земјоделство-то. Поддршката на државата беше во слободното движење на работната сила во загрозените сектори. Словачката пла-тежна агенција во земјоделството ја зголеми можноста за користење на регуларните земјоделски фондови, но без зголемена активност поради немож-носта да се администрираат и на лице место да се вршат проверки. ЕУ субвен-ционираше подигнување на приватни складишта за производите какви што се млеко, путер, месо.

Субвенционирање во откупот на земјоделските производи, како и мерки за субвенционирање на руралниот развој. Владата овозможуваше да се користат од 7 илјади евра до 70 000 евра по фирма во зависност од големината. Исто така, Словачка изготвила план за финансиска помош познат како „Мерката 2“ за подршка на сточарството со која се обезбедија 20 милиони евра од кои се потрошија само 7 милиони т.е. толку апликации биле предложени од претпријатијата. За жал, оваа мерка не ги опфати големите претпријатија. Парите се распределуваа до висина од 50 илјади евра на претпријатие - според остварениот промет. Посебно внимание беше посветено на поедноставување на процедурите на сезонските работници со двање на предност на лица кои се долго невработени (времето на ангажамн беше пролонгирано). Се воспостави режим за оние кои патуваат, кои поминуваат граници (работници од Унгарија, Чешка република) кои на дневна основа ги минуваат границите. Инаку, заштитните мерки за дезинфекција на фармите и заштитат на работниците не беа подржани од страна на државата.




**Билјана Петровска - Митревска,** од националната федерација на фармери истакна дека постојат веќе податоци од истражувања кои ги спроведува НФФ. Најпрво упати на амбиентот по официјалното прогласување на пандемијата во кој доминираше неизвесноста и стравот кој, исто така, се одрази и во доменот на земјоделството. Она што е карактеристично што во земјоделските домаќинства се појави дополнителна семејна активност која претходно ја вршеа институциите (образованието на децата, грижата за старите лица и болните) која го отежна животот на земјоделската популација. Посебен проблем беше реткиот јавен транспорт и забраните за движење на населението што посебно се одрази врз извршувањето на земјоделските активности и врз квалитетот на животот. Владата интервенираше со дополнителни мерки за движење на земјоделското население, но многу брзо се појави проблемот на пласманот на раноградинарските култури и зелката што се должи на прекинатите синџири за снабдување со земјоделски производи – истакна **Петровска - Митревска**. Исто така, го наведе проблемот со пласманот на јагнешко месо,

државите беа затворени што влијаеше на ниската цена. Слична е состојбата со пласманот на виното што придонесе за многу ниска цена на откупот на грозјето во есента 2020 година, која падна дури и до еден денар по кг. Владините мерки незначително го опфатиле земјодел-скиот сектор и не пронашла креати-вни решенија за воспоставување едноставни модели за пласирање на вишоците на производство субвенционирајќи ги производителите и пласман на производите со ниска откупна цена давајќи можност земјоделските производи да бидат искористени во банки за храна за поддршка на социјалниот сектор, наместо да бидат уништени.

**Александра Мартиновска - Стојческа и Ана Симоновска,** експерти на НКЕУ- МК и професорки на Факултетот за земјоделски науки и храна, се надоврзаа на резултатите од истражувањето реализирано во рамките на НФФ во кое учествувале како експерти. Имено, станува збор за анкета спроведена на производители на земјоделски производи лозари, градинари, овоштари, поледелци, млеко и месопроизводители. Во оваа анализа е земно предвид примарното производството, преработка на земјоделски производи, транспорт, логистика и побарувачката на земјоделски производи.

Податоците покажуваат дека КОВИД 19/ пандемијата има негативно влијание во доменот на земјоделството, особено манифестно во доменот на работната сила (височината на цената на трудот), ниската откупна цена, намалена ликвидност на индивидуалното земјоделско стопанство, проблеми во пласманот, транспортот и комуникацијата меѓу учесниците во синџирот на снабдување со храна. Покрај негативните перцепции на земјоделците охрабрува фактот дека 2/3 од истражуваната популација има оптимистички пристап и сметаат дека ситуацијата ќе се подобри. Општа констатација е дека пандемијата и заштитните мерки ги прекинува синџирите на продажба на земјоделски производи. Според толкувањето на податоците најзасегнати од пандемијата биле самите производители (98%), а потоа следат услугите (транспорт, логистика, складирање, дистрибуција со 21%), %), а по нив се зелените пазари. Сепак, проблемот со пласманот бил амортизиран со продажба на земјоделските производи од врата. **Мартиновска- Стојчевска** во однос на последиците предизвикани од пандемијата ги истакна следните заклучоци:



- Пандемијата ја истакна важноста од воспоставување на стабилен систем на храна што функционира во секакви околности и кој го снабдува населението со квалитетна храна во доволна количина;

- Ја истакна посебната улогата на земјоделските производители во синџирот на снабдување со храна и ранливоста на малите земјоделски производители кои и во нормални услови имаат проблеми и се на работ на одржливост;

- Ги покажа потешкотиите во организацијата на земјоделските домаќинства, пред се во усогласувањето на домашните со работните обврски (намалување на продуктивното време за сметка на семејните обврски);

- Ги зголеми трошоците на земјоделските стопанства со набавка на средства за дезинфекција во борбата против инфекцијата на вработените;

- Го зголеми ризикот од неликвидност на земјоделските стопанствата и го потенцира проблемот поврзан со недостиг на соодветни извори на финансирање, особено карактеристичен за малите производители;

- Го потенцираше проблемот со недостиг од работна сила во времето на земјоделските сезони;

- Ја потенцираше потребата од здружување во земјоделството;

- Ја истакна потребата од подобра комуникација со сите чинители во синџирот на снабдување со земјоделски производи;

- Ја истакна потребата од јавна поддршка за дигитализација во доменот на земјоделството како неопходен услов за функционирање на земјоделските стопанства во современи и во вонредни услови;

- Ја истакна потребата од јавна поддршка во одржувањето на синџирите за снабдување со храна;

- Ја истакна потребата од поддршка за складирање, доработка, преработка на земјоделските производи;



## ДЕБАТА

**Зоран Шапуриќ**, директор на Државен инспекторат за земјоделство, ја поздрави организацијата на настанот истакнувајќи дека како и сите останати, и Инспекторатот се соочува со последиците од пандемијата. Главниот предизвик за ДИЗ, според **Шапуриќ**, е големиот број на инспектори заболени од КОВИД-19, но дека Инспекторатот и понатаму ја врши својата дејност, особено граничната фито-санитарна контрола, со цел непречено одвивање на увозот и извозот. Како дел од предизвиците, тој ги напомена откупот на грозјето и тутунот, додавајќи дека производителите на грозјето добиле субвенции при откупот на грозјето. „Претстојат и други предизвици, околу откупот на грозјето, поради КОВИД мерката следат дополнителни контроли, усвојувањето на законот и подзаконските акти, се разбира и за тутунот.“



**Марина Тошеска,** ЛАГ Агролидер. која се осврна на положбата на жените во земјоделскиот сектор, зборувајќи за комплицираните околности предизвикани од пандемијата. Таа потенцираше дека покрај земјоделските дејности, во најголем број случаи, жената се грижи за домот, децата вклучувајќи го и нивното образование и смета дека е потребна поддршка за олеснување на женскиот ангажман во руралната средина. Според неа, не се потребни ad hoc решенија, туку решенија со долготраен карактер. За крај таа напомена дека трошоците за основни производи во руралните средини се за 30% повисоки од оние во урбаните средини.



**Гордана Попсимонова,** Професорка на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Според неа корона кризата на површина исфрлила итност од три професии: медицинската, информатичката и земјоделската. Меѓу овие професии постои и заеднички именител, а тоа е примената на науката и развојот кои не се создаваат преку ноќ кои „За жал во земјоделството се целосно маргинализирани.“ Таа истакна дека во препораките е неопходно да се внесат неопходноста државата да посвети поголемо внимание на внесување на наука и развојни компоненти во доменот на земјоделството.

**Ана Симоновска** се надоврза на излагањето на **Мартиновска - Стојчевска** во однос на пристапот до финансии на земјоделските производители, особено на малите стопанства кои немаат на кој начин да пристапат до капитал. Таа зборуваше за потешкотиите на земјоделците во изнаоѓање капитал, појаснувајќи дека за малите стопанственици е скоро невозможно да дојдат до финансиски средства. „Знаеме дека имаше одредени пакети коишто беа пласирани од Развојната банка за справување со последиците од корона кризата, но за жал земјоделските производители коишто се нерегистрирани немаат право на користење на тие средства.“ **Симоновска** го повика словачкиот експерт, г-дин **Баршвари** да сподели како Словачка се справила со проблемот на финансирање, особено за малите производители, и какви мерки биле преземени за справување со кризата.

**Светлана Колариќ,** претставник на Агенцијата за храна и ветеринарство, која забележа дека секое споделување на искуство води кон заеднички успех за сите. „КОВИД кризата навистина го зема данокот кај сите нас, вклучително и фармерите, сточа-рите, земјоделците, меѓутоа и административните работници, односно во случајов и ние вработените во Агенција за храна и ветеринарство и нашите колеги инспектори се најдовме во една незавидна состојба којашто ни го промени начинот на размислување и начинот на дејствување.“ – изјави **Колариќ**. Како светла точка во темницата предизвикана од пандемијата го издвои купувањето на домашни производи и изборот и подготвувањето на поздрава храна за семејствата.





**Трпе Стојановски**, кој ја поздрави сесијата како пример за прагматична работа и конструктивно барање решенија. Тој се осврна на две главни точки: поттикот на Владата за младите земјоделци и проблемите со работната сила. **Стојановски** забележа дека доцнењето на повратните средства за младите земјоделци кои веќе инвестирале, се одразува негативно бидејќи тие прилично тешко обезбедуваат средства, и се изложени на дополнителни трошоци. Што се однесува до работната сила, тој се осврна на инфраструктурата, апелирајќи да се овозможи пристап до земјоделските парцели со цел да се превенира деморализација на земјоделските работници преку олеснување на техничките работи.

„Кога имаме во руралните подрачја неможност да се пристапи до плантажите, до земјоделските површина затоа што за 200 или 300 метри недостасува тоа создава дополнителни проблеми.“ – дополни **Трпе Стојановски.**

**Никола Бабовски**, директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, го поздрави настанот и се осврна на мерките преземени од државните институции. „Ценејќи ја ситуацијата која настана со КОВИД пандемијата која ги наруши сите текови, како Влада, Агенција, се разбира и Министерството, направивме неколку работи коишто за жал не беа нотирани.“ – изјави **Бабовски**. Во склопот на тие мерки, тој ја спомена финансиската поддршка на Владата за набавка на зелена нафта, намалувањето на трошоците за производство и издвојувањето на 1500 денари субвенција по женско јагне за приплод.



**Васка Мојсовска**, Претседател на Националната федерација на фармери, се вклучи во дебатата со цел да ги потенцира штетите настанати за производството и продажбата на грозјето, притоа истакнувајќи дека земјоделците ќе продолжат да работат и да се трудат и да вложуваат труд и средства. „Но, ние не би биле земјоделци ако не сме упорни и не сме храбри и не продолжиме да работиме“ поздравувајќи ги мерките преземени од Владата за ублажување на кризната состојба и апелираше да се размислува долгорочно за развојот на земјоделството во наредните 20-30 години.



**Јорде Јакимовски**, Професор на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања го истакна проблемот на сигурноста на производството во кризните услови, забележувајќи дека државните органи треба да обезбедат заштитни мерки, особено за пласманот на производите. Тој побара да постојат санкции доколку има непочитување на договорите за пласманот на производи.

**Јакимовски** го постави и прашањето „Кој ќе се грижи за производството на малите фармери доколку тие заболат од КОВИД-19?" - повикувајќи на поголема мобилизација и изнаоѓање на мерки за заштитата на населението, но и на добитокот на фармите.



**Иван Вангелов**, истакна дека земјоделските работници најголемиот удар претрпеле поради нарушениот пазарен синџир. Според него, „Министерството и другите немаа развиено концепт за криза иако имаа време и имаа и многу информации". Тој спомена дека цените на традиционалните култури, кои биле произведувани за локални пазари или за извоз, биле многу ниски што придонесло фармерите да го сменат асортиманот на култури и начинот на производство, бидејќи биле повеќе мотивирани да произведуваат за конзервната индустрија што довело до намалување на цената.

